# ЗА ДЕМИР ХИСАР
# ГАРАНТИРАМЕ

## СОЗДАДИ НОВА ИДНИНА!

**ПРОМЕНИ • ПРОЕКТИ • ПОБЕДИ**



Сте се прашале ли дали живеете подобро? Дали државата се движи во вистинска насока? Дали сте задоволни од ова што се случува? Дали сметате дека живееме во нормална држава и дека се слуша вашиот глас, дека власта ги одржала ветувањата, и дека оваа власт е најдоброто нешто што вие го заслужувате?

Ќе дозволите ли да продолжат на ист начин како досега, или ќе ги земете работите во свои раце и ќе започнете да создавате нова иднина со ваш сопствен печат, иднина каква што посакувате и каква што заслужувате?

Покажете дека мора поинаку, и дека не сте задоволни од ова што се случува. Почувствувајте ја шансата која е пред сите вас, шанса за промени, проекти и победи. Шанса да покажеме дека ќе успееме, дека знаеме, умееме и сакаме да ја направиме Македонија нормално, убаво место за живеење.

На овие избори треба да ѝ одговорите на власта дали целосно ќе ѝ ја препуштите државата или ќе преземете контрола над сопствената судбина и држава и ќе создадете нова иднина?

Покажете дека во вас постои надеж и пркос, дека сакате да создавате и дека не се плашите да верувате во себе и во иднината на вашите деца. Таа иднина зависи исклучиво од вас и од промените кои неминовно доаѓаат, а кои ќе ги донесете вие. Промени што ќе значат нова енергија, кои ќе го поддржуваат позитивното наспроти негативното, креативното и продуктивното

наспроти деструктивното, ќе поддржуваат квалитет наспроти партизација, работа наспроти неработа, почитување и исполнување на ветеното наспроти измамите на власта.

Насекаде гледаме хаос и загубена перспектива. Луѓето се разочарани. Власта тоа го користи и го злоупотребува. Тоа мора да престане. Поделбите да запрат. Народот треба да се обедини: десни, леви, Македонци, Албанци, Турци, Срби, Роми, Власи, Бошњаци, стари и млади, жени и мажи. Дојде време за промени и народот мора да почне да ја создава новата иднина. Да излеземе од кругот на апатијата. Затоа што колку повеќе овие се на власт, толку помалку останува од Македонија, толку помалку нè има во државата.

И таму, меѓу нив, има луѓе кои го гледаат тоа, има незадоволство. Ние сакаме сите да се обединиме и да порачаме дека нашата генерација ја сфати важноста на овој историски момент, ја гледа шансата за промени, проекти и победи, шансата да создава, шансата за нова иднина. Да покажеме дека Македонија е држава и дека тука живее и ќе живее среќен народ кој си ја сака сопствената земја.

Ние имаме знаење и програма со многу проекти, ние гарантираме дека ќе ги исполниме и вие знаете дека можете да му верувате на нашиот даден збор. Поучени сме од грешките во минатото, па со поправени и искоренети слабости, ние сме нови луѓе, квалификувани, чесни и свесни за околностите и за одговорноста што ја преземаме. Создадовме нова иднина кај нас, сакаме обединети со вас да создадеме нова иднина за сите нас. На овие избори влегуваме со чисто срце и ја бараме вашата доверба, ви ветуваме многу работа и конкретни резултати. Новата иднина започнува со промените, по кои следат проектите, новата иднина ќе ги донесе победите.

А тие сакаат да мислите дека сите сме исти! Тоа е дел од нивната пропаганда, за да останете разочарани и на тој начин да го бараат својот спас. Со малата излезност, со вашето негласање или со нивните тројански експерименти – тие добиваат најмногу.

Ако не ги опомените на овие избори, тие ќе мислат дека ги поддржувате. Ако им ја оставите апсолутната власт, нивната аздисаност ќе се зголеми – ќе биде уште полошо. Иднината со нив не е иднина каква што вие заслужувате. Иднината со нив е хаотична, несреќна и апатична.

Излезете и изборете се! Создадете нова иднина! Таму лежи шансата за промени, Нова иднина за секој од вас, за секој дом, семејство, улица и населено место, таа нова иднина е за сите нас. Новата иднина е убава иднина! Таа е иднина на договор помеѓу граѓаните и политичарите, иднина на нормална држава во која ќе има ред и работа. Нештата ќе се менуваат, ќе има проекти и конкретни резултати, подобар стандард и можности за секого. Во новата иднина граѓаните ќе ги контролираат институциите, за разлика од сегашноста во која институциите ги контролираат граѓаните.

Новата иднина ќе донесе подобри денови, раст и развој, во неа ќе има авангардна младина и спокојна старост. Во неа ќе се создава, ќе создавате вие за вас и за вашите семејства. Ќе создаваат и вашата општина и државата за вас, затоа што вие премногу ѝ дадовте на земјата, сега е момент земјата да ви дава вам.

Затоа создадете ја новата иднина! Тие се плашат од неа. Од новата иднина во која сè ќе биде подобро, посветло и посреќно и во која нивните грешки ќе можеме сложно да ги исправиме. За таа нова иднина вреди да се бориме. Таа е доброто, таа е сè што тие не се. Иднина за вас, за Македонија, нова иднина во која оптимизмот ја победува малодушноста, иднина на триумф на вашите вредности.

Новата иднина е нивниот најголем кошмар. Таа создава! Таа носи промени и проекти! Новата иднина победува! Затоа

**СОЗДАДИ НОВА ИДНИНА!**

**ПРОМЕНИ. ПРОЕКТИ. ПОБЕДИ**

# 1. ОБРАЌАЊЕ



Почитувани сограѓани,

Укажаната можност да бидам кандидат за градоначалник на нашиот Демир Хисар, за мене е посебна чест и огромно задоволство.

Истовремено, пред мене се и голема одговорност и многу предизвици кои треба заеднички да ги совладаме, бидејќи после изминати „мрачни" и „матни" четири години, исполнети со лаги, манипулации, криминал, непотизам и неработење на локалната власт на СДСМ, вие, мои сограѓани, со право очекувате нашиот Демир Хисар конечно да тргне по светол пат кој ќе гарантира сигурна и просперитетна иднина за сите нас.

Ме радува фактот што најголем дел од Вас се убедени дека на Демир Хисар му се потребни промени, „свежи" сили кои ќе го влечат напред кон многу успеси, а најмалку му се потребни истрошени и недокажани кадри, кои титулата градоначалник ја „ловат" само и само за да ја покажат својата моќ и да го достигнат врвот на својата долга и празна политичка кариера, за лична цел и сатисфакција.

За мене, драги мои сограѓани, градоначалник не е титула, ниту пак нереализиран сон - тоа е најголемата обврска која моите сограѓани би ми ја дале за да им служам и да дадам сè од себе да ги реализирам ветувањата кои за сите нас ќе значат нова надеж за подобар живот, за нови инвестиции и работни места, за развиена и модерна општина која ќе работи чесно и транспарентно во

интерес на сите граѓани, а не само на „избраните“.

Имајќи го тоа на ум, ве уверувам дека нема да ги изневерам вашите очекувања, а уште помалку вашата доверба и безрезервна поддршка која ми ја дававте во изминатиов период.

Јас и мојот тим, заедно со ВАС, мои сограѓани, ќе ја добиеме битката за да го ослободиме Демир Хисар од неправдите, пустошот и разнебитувањето кое му се случува во изминативе четири години.

Ќе обезбедиме квалитетен и достоинствен живот за сегашните и за идните генерации демирхисарци и сите ќе бидеме горди на промените кои ќе ги доживее нашата Општина.

Почитувани, повикувам на единство и обединување на сите чесни луѓе, на сите оние кои веруваат во Демир Хисар и се подготвени со свој придонес да помогнат да ги вратиме вистинските вредности во општеството. Повикувам на единство и обединување со оваа нова и позитивна енергија која ја промовираме јас и мојот тим, составен од млади, образовани и амбициозни луѓе, кои ќе бидат ваш сервис во наредните четири години и ќе понудат навремени и квалитетни решенија на сечиј проблем и на сечија потреба.

Како никогаш досега, на Демир Хисар му е потребно вашиот глас да биде даден за вистинските луѓе, кои ќе ја прекинат агонијата и пустошот кои нашата Општина ги доживува. Да го спасиме заедно Демир Хисар и да победиме за подобро утре, за нов Демир Хисар.

Во продолжение Ви ја нудиме нашата предизборна програма изработена од професионалци и веруваме дека таа е во согласност со потребите на граѓаните на Демир Хисар.

Ви благодарам.

Со почит,

Никола Најдовски,

кандидат за градоначалник на

Општина Демир Хисар од ВМРО ДПМНЕ.

# 2. ПРИОРИТЕТНИ ПРОЕКТИ НА ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР ЗА СИТЕ ЛУЃЕ

## ИЗГРАДБА НА КАПИТАЛНИ ОБЈЕКТИ ОД КОМУНАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА

- Планираните проекти од областа на комуналната инфраструктура се произлез на потребите на граѓаните детектирани низ изминатиот период, а коишто го определуваат квалитетот на нивното живеење. Како резултат на нивните барања и потреби, ќе се реализира низа од проекти од комуналната инфраструктура што треба значително да го подобрат нивото на квалитет на животот на граѓаните на Општина Демир Хисар (локални патишта, улици, фекални канализации, мостови, велосипедски патеки, паркиралишта, потпорни ѕидови и др.)

## УРБАНИЗАМ И ЖИВОТНА СРЕДИНА

- изработка на техничка документација за третман на атмосферските води долж ул. „11-ти Октомври“ во Демир Хисар;
- изработка на техничка документација за колекторски систем и прочистителна станица за третман на отпадните води од системите на Демир Хисар, Суводол, Кутретино, Слепче и Белче;
- инвестиции во подобрување на локалната патна и велосипетска инфраструктура, градење на места за рекреација и подобрување на локалниот јавен превоз – функционален и еколошки јавен превоз;
- дефинирање и определување на зони на смирен сообраќај;
- изработка на техничка документација и изградба на системи за третман на отпадни води во руралните населени места;
- поддршка на изработка и имплементација на регионални планови за управување со отпад;
- засадување на нови растенија покрај ул. Битолска со цел дополнително намалување на концентрацијата на загадувачки материи (фиторемедијација).

## РАЗВОЈ НА ЛОКАЛНАТА ЗАЕДНИЦА ПРЕКУ ТУРИЗМОТ

- Постојаната потрага по мир, одмор и рекреација е растечки тренд на локално, регионално, национално и на меѓународно ниво заради што туризмот треба да има значајно место во локалните развојни програми и политики. Во функција на поставување и остварување на ваквите цели, програми и проекти, во континуитет ќе се реализира низа од конкретни мерки, активности и таканаречени мали инвестициони проекти: преземање и спроведување на активни мерки за развој на туристички циклотуризам – спортско-рекреативен велосипедизам и организирање на 4 x 4 туристички тури и екскурзии, оф-роад туристички патувања со теренски возила, селски туризам, градење на препознатлив туристички имиџ со воведување на стандарди во туристичко - угостителските услуги и сл.

## ПОДДРШКА И СПРОВЕДУВАЊЕ КОНКРЕТНИ МЕРКИ ЗА СОЗДАВАЊЕ ПОВОЛНО ДЕЛОВНО ОПКРУЖУВАЊЕ

- Обезбедување на институционална и финансиска поддршка од страна на Општината и преку општинскиот буџет за реализација на капитални инвестициски проекти, унапредување, поттикнување и иницирање на партнерства со домашни и меѓународни развојни агенции, поттикнување, поддршка и спроведување на идеи и иницијативи за развој на домашниот бизнис со дијаспората, детектирање и детерминирање на можните сфери на интерес за проширување на постоечките бизниси и можните сфери на интерес кај иселеници од дијаспората, отстапување на подолгорочно користење под поволни услови на постоечки капацитети во сопственост на Општината на потенцијални инвеститори, со цел стимулирање на вработувањето и економскиот раст на Општината, спроведување законски мерки и активности и понагласено промовирање и афирмирање на поволностите во воспоставувањето на јавно – приватното партнерство и сл.

## ОБРАЗОВАНИЕТО КАКО ЦЕЛ И СРЕДСТВО ЗА РАЗВОЈ НА ЛОКАЛНАТА ЗАЕДНИЦА

- Реализација на низа од проекти што ќе претставуваат дел од континуираната и системска грижа за подобрување на развојот на образованието и знаењето: **санација на постојните и изградба на нови спортски игралишта во подрачните**, централните и во средното училиште, **спроведување мерки за организирано одржување на зградите на затворените подрачни училишта и нивна функ-**

**ционална пренамена**, поддршка на проекти за подобрување на енергетската ефикасност во училишните згради, поттикнување, поддршка и развивање на локален систем на работа со надарени и талентирани ученици во основното и во средното образование, формирање посебен општински тим за идентификација на надарените и талентираните ученици.

## ИЗГРАДБА НА КОШАРКАРСКО ИГРАЛИШТЕ (STREET BASKET) И ФИТНЕС ПАРК КАЈ ГРАДСКИОТ СТАДИОН ВО ДЕМИР ХИСАР

- Поставување на специјални уреди и справи за физичка рекреација на граѓаните во урбаните делови на градот. Покрај подобрување на можностите на граѓаните за развивање на навики за здрав живот, ќе се придонесе и за облагородување и унапредување на животниот простор. Паркот ќе претставува мултифункционално плато со поставување на други дополнителни мобилијарни содржини.

## ИЗГРАДБА НА ТЕНИСКО ИГРАЛИШТЕ ВО СКЛОП НА ФУДБАЛСКОТО ИГРАЛИШТЕ

- По извршената реконструкција, постојат реални природни, просторни и технички услови, Градскиот стадион во Демир Хисар да прерасне во спортско - рекреативен центар на Општината и да добие фукционално заокружување на целиот проект.

## ИЗГРАДБА НА ПОВЕЌЕНАМЕНСКО СПОРТСКО ИГРАЛИШТЕ ВО СОПОТНИЦА

- Според бројот на жители, Сопотница е едно од поголемите населени места во Општината каде што не постои уредено спортско игралиште за таканаречените мали спортови. Проектот ќе опфати преуредување на постојното спортско игралиште кај подрачното училиште во повеќенаменско спортско игралиште. И ќе опфати проширување на габаритот, оградување, поставување нов асфалт и поставување стативи и баскет конструкции и слична опрема.

## „МУЗЕЈ ВО ДЕМИР ХИСАР“

- Отпочнување постапка за регистрација на музејска поставка. Основање музејска поставка во Домот на културата, а во соработка со Министерството за култура, односно со Управата за заштита на културното наследство и со НУ Завод за заштита на културното наследство и музеј од Битола. Во наведените установи постојат голем број артефакти во различни историски периоди што потекнуваат од ова поднебје, а на Филозофскиот факултет исто

така постои збирка на вредни артефакти (најразлични предмети и орудија) откриени при археолошките реконосцирања (површинско истражување) спроведени во рамките на „Демирхисарската летна школа“ во периодот од 2015 до 2020 г.

## „ДЕМИРХИСАРСКА ЛЕТНА ШКОЛА“ И МЕЃУНАРОНА НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА МАНАСТИРОТ СВ. ЈОВАН ПРЕТЕЧА

- Општината Демир Хисар (локалната самоуправа) изминатите неколку години посветуваше големо внимание на промоција на културното наследство во Демирхисарско, посебно на манастирот Св. Јован Претеча во Слепче. Целта на овој проект е, по пауза од 1-2 години, да се продолжи и прошири поддршката и непосредното учество на Општината во непосредните организациски активности со цел промоција и доближување на културното наследство на регионот на Демир Хисар и Демирхисарско преку едно повисоко ниво и форма и во повеќе домени, вклучувајќи ја историјата, археологијата, архитектурата (сакрална и рурална) и уметноста со една поширока хронологија и третирајќи повеќе сегменти од постарата и од поновата историја на Демирхисарско.

## СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

- Солидарноста како темелна вредност на локалната заедница – бесплатна градинка за трето дете, бесплатен јавен превоз за лица со инвалидитет и помош за ученици од социјално ранливи категории.



# 3. ПОДОБРИ УСЛОВИ ЗА ЖИВОТ НА СИТЕ ЛУЃЕ

## 3.1. ЕКОНОМСКИ СИЛНА ОПШТИНА ЗА ПОДОБАР ЖИВОТЕН СТАНДАРД НА СИТЕ ГРАЃАНИ

- **ПОДДРШКА НА ИНОВАЦИИ И ПРЕТПРИЕМНИШТВО**

  (формирање на локален иновациски фонд за млади претприемачи, креирање на научно-образовен локален центар);

- **ПОДОБРУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ УСЛОВИ ЗА ВОДЕЊЕ БИЗНИС И ПОДДРШКА НА МСП;**
- **ЛОКАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА ПРОМОЦИЈА НА СТРАНСКИ ИНВЕСТИЦИИ;**
- **ПОДДРШКА НА ЗАНАЕТЧИСТВОТО И МАЛИТЕ ЛОКАЛНИ БИЗНИСИ.**
- **ПРОЕКТ: „ИНДУСТРИСКА ЗОНА ДЕМИР ХИСАР 1“**

  изработка на комплетна проектна документација за инфраструктурно уредување: водовод, електрика, одведување на фекални отпадни води, внатрешна сообраќајница и атмосферска канализација, како и почеток на постапна реализација;

- **ПРОЕКТ: „ИМОТОТ НАШ – ПРОФИТОТ ВАШ“**

  отстапување на користење под поволни услови на постоечки капацитети во сопственост на Општината на потенцијални инвеститори, а со цел стимулирање на вработувањето и економскиот раст на Општината;

- **ПРОЕКТ: „ЈАВНО - ПРИВАТНОТО ПАРТНЕРСТВО - НАЈДОБАР ИНСТРУМЕНТ ЗА ПРИОРИТЕТНА ИНФРАСТРУКТУРА“**

  ќе се спроведуваат законски мерки и активности и понагласено ќе се промовираат и афирмираат поволностите во воспоставувањето на јавно – приватното партнерство со цел подобрување на квалитетот и задоволување на јавните потреби.



# 4. ДИГИТАЛИЗАЦИЈА – SMART CITY

## ДИГИТАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

(проширување на опфатот на бесплатно достапен јавен вифи, проширување на оптичката мрежа);

## ДИГИТАЛНИ УСЛУГИ И ДИГИТАЛНА ОПШТИНА

(отворен податочен систем, твој документ – наша работа, и ти си дел од процесот);

## ПРОЕКТ: „ЈАВНО ДОСТАПЕН БЕСПЛАТЕН ИНТЕРНЕТ ЗА СИТЕ“

определување и опремување на јавен простор со слободен и неограничен вифи пристап на интернет: градски плоштад, спортска сала, повеќенаменско спортско игралиште, детски маалски забавно-рекреативни игралишта, градски стадион, градски пазар и други места.



# 5. МОБИЛНОСТ И ИНФРАСТУКТУРА

## 5.1. РЕГИОНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРНА ПОВРЗАНОСТ

(регионална патна инфраструктура и поврзаност)

- Воспоставување и примена на законски механизми за контрола на сообраќајот на тешки товарни возила на регионалниот патен правец Демир Хисар – Бучин – Прилеп“;
- Набавка и поставување на режим на сообраќај на моторни возила низ населеното место Граиште преку пропишување на првенство на минување со семафорско решение;
- Поддршка на иницијативи и проекти за рехабилитација на регионалниот пат 1305 - делница: Лопатица – Железнец;
- Воведување на смирен сообраќај на ул. „Битолска“ со поставување на подигнат пешачки премин и ребрасти ленти кај училиштето „Гоце Делчев“, крстосницата кај поранешните семафори и зградата на Општина Демир Хисар, односно кај домот на културата и полициската станица.

## 5.2. УРБАНА ИНФРАСТРУКТУРА

(инвестиции во подобрување на локалната патна и велосипетска инфраструктура, градење на места за рекреација и подобрување на локалниот јавен превоз – функционален и еколошки јавен превоз).

### ➤ ПРОЕКТ: „ИЗГРАДБА НА ТРИМ–ПАТЕКА ДО МАНАСТИРОТ „СВ. ТОМА“

- Од месноста „Липинци“ до манастирот „Свети Тома“ постојат исклучително поволни природни услови за уредување на трим-патека за демирхисарските спортисти и рекреативци. Реализацијата на овој проект ќе претставува добар пример на пракса за искористување на природните погодности во функција на создавање навики за водење здрав живот.
- Следствено на поволната теренска конфигурација, бројноста на

шумски и планинарски патеки и егзотични предели, ќе се преземаат активни мерки за развој на туристички циклотуризам – спортско–рекреативен велосипедизам и организирање на 4 х 4 туристички тури и екскурзии.

### „ПО ПАТОТ НА ТРАГИЧНАТА ОДИСЕЈА НА САМУИЛОВАТА ВОЈСКА“

- изградба на пешачка патека од Слепче до манастирот „Св. Јован Претеча“, по трасата на стариот пат до манастирот.

### „СТАРОТО РУДНО КОПАЛИШТЕ – ПОТЕНЦИЈАЛНА ТУРИСТИЧКА АТРАКЦИЈА“

- копалиштето плени и фасцинира со својата грамадност, длабочина, местоположба и природно опкружување - алтернативен спортско- рекреативен туризам: циклотуризам, мотокрос трки, вешто адреналинско егзибиционо возење со теренски моторни возила.

## ДЕМИР ХИСАР

- изработка на техничка документација за третман на атмосферските води долж ул. „11-ти Октомври“ во Демир Хисар;
- изработка на техничка документација за колекторски систем и прочистителна станица за третман на отпадните води од системите на Демир Хисар, Суводол, Кутретино, Слепче и Белче;
- Уредување на градски парк – нова урбана опрема, санација на постамент, хортикултура, илуминација на споменик, нови канделабри и детски забавни реквизити;
- реконструкција на електричната мрежа на улиците „4-ти Јули“ и „11-ти Октомври“;
- изградба на нов бунар за потребите на градскиот водовод;
- санација на фасада на зградата на Домот на културата;
- илуминација на фасадата на Домот на културата;
- реконструкција на санитарниот јазол на концертната сала и јужното фоаје на Домот на културата;
- обнова на светлосен парк – сценско осветлување во концертна сала на Домот на културата;
- набавка на метални библиотечни рафтови (полици) за потребите на градската библиотека „Петре М. Андреевски“ и уредување на северното фоаје во Клуб на читатели;

- проширување и модернизација на улично осветление од Демир Хисар до Кутретино и од Демир Хисар до Белче;
- асфалтирање, реконструкции, санации, одржување и тампонирање на улици, полски патишта;
- изградба на шеталиште со паркинзи за лесни моторни возила од источната страна на ул. „Битолска“ во должина од 1,5 km;
- уредување на локации за паркирање на моторни возила:
  - пред влезната капија на погонот на поранешен „Дехитекс“;
  - на почетокот од локалниот пат Демир Хисар – Слепче, од северната страна;
  - на ул. „М. Тито“, кај комплексот дуќани пред зградата на Ш.С. „Бигла“;
  - долж улицата „Битолска“, на западната страна од коловозот;
  - до зградата на Центарот за вработување (од јужната страна);
  - градски стадион;
- дополнително лед канделабриско осветление и урбана опрема (клупи за одмор, корпи за отпадоци на постојното шеталиште (тротоар) долж ул. „Битолска“;
- доизградба на градското шеталиште – од Демир Хисар до Кутретино и, од Демир Хисар до Белче;
- изградба на тротоари на улиците „М. Тито“ и „1-ви мај“;
- уредување и поставување на опрема во детското забавно игралиште во населбата Мургашево (кај мостот на Стара Река);
- реконструкција на ул. „Гоце Делчев“;
- хуман третман и решение за бездомни кучиња;
- дефинирање и определување на зони на смирен сообраќај – изработка на проект за проектирање на физички мерки за смирување на сообраќајот во зони на основните училишта во Демир Хисар и Жван и во зоната на средното училиште во Демир Хисар: подигнат пешачки премин, вибрациски ленти, хоризонтална и вертикална сообраќајна сигнализација;
- исцртување хоризонтална сообраќајна сигнализација и поставување вертикална и светлосна сообраќајна сигнализација на улиците во Демир Хисар;
- поставување на урбана патоказна туристичка сигнализација;
- изработка на техничка документација за определување, утврдување и уредување на паркинг-простор за автобуси, минибуси и тешки товарни возила;

- брза, опремена, едуцирана, обучена, мобилна и ефикасна професионална противпожарна служба – набавка на дополнителна опрема за спасување во случај на сообраќајни и други несреќи, обука за спасување на лица и имот во случај на елементарни непогоди, како и во случај на несреќи во сообраќајот и слично.

## Н.М. СОПОТНИЦА

- Асфалтирање на селските улици
- Изградба на повеќенаменско игралиште
- Дислокација на дивите депонии
- Изградба на асфалтен пат до манастир „Св. Атанасиј“, преку населеното место
- Реконструкција на каналите за наводнување
- Реконструктивни градежни зафати на зградата на поранешниот Дом на културата
- Уредување на речното корито
- Реконструктивни интервенции врз водоводната мрежа
- Партерно и хортикултурно уредување на паркот во рударската населба
- Санирање на фасадите на станбените згради во рударската населба

## Н.М. ЕДИНАКОВЦИ

- I. Фаза: изработка на техничка документација за изградба на фекална канализација
- II. Фаза: изградба на фекална канализација
- Реконструкција на селски пат (врска-регионален пат 2339 – 1 km)
- Реконструкција на водоводна мрежа
- Санација на зградата на подрачното училиште

## Н.М. СТРУГОВО

- I. Фаза: изработка на техничка документација за изградба на фекална канализација
- II. Фаза: изградба на фекална канализација
- Асфалтирање на селски улици
- I. Фаза: изработка на техничка документација за изградба на пат до манастирот „Св. Антониј“
- II. Фаза: Изградба на асфалтен пат до манастирот „Св. Антониј“
- Отстранување на дивите дипонии и институционален третман и контрола

## Н.М. КУТРЕТИНО

- Доизградба на градско шеталиште – од Демир Хисар до Кутретино (ПЕШАЧКА ПАТЕКА)
- Асфалтирање на селски улици
- Преуредување на постојно игралиште во повеќенаменско спортско – рекреативно игралиште
- Реконструктивни зафати врз фекална канализација

## Н.М. СЛАДУЕВО

- Финансиска поддршка на изградбата на црквата „Св. Илија“
- Доизградба на патот до селото и санации на селските улици
- Реконструктивни зафати врз водоводната мрежа
- Санирање на полски патишта
- Дислокација на диви депонии и спроведување на институционални мерки на контрола

## Н.М. МАЛО ИЛИНО

- Чистење од вегетација на патот до селото – врска-регионален пат 1305, во должина од 5 km
- Поддршка на градежни и други зафати одобрени од надлежна институција за одржувањето на црквата во населеното место
- Институционална поддршка преку надлежни државни институции за санација на фреско-живопис во црквата
- Асфалтирање на улици
- Институционална, советодавна и посредувачка поддршка за подобрување на квалитетот на информатичко-комуникациските врски
- Реновирање на резервоарот од водоводната мрежа
- Уредување на јавна чешма во населеното место
- Поставување на заштитна ограда на мостовите

## Н.М. ВИРОВО

- Изградба на заштитни потпорни ѕидови покрај локалниот пат до населеното место
- Регулирање, уредување на речното корито
- Санирање на оштетувања на училишната зграда и воспоставување на институционални механизми за одржливо управување со објектите
- Поддршка на иницијативи и проекти за развој на туризмот преку

поширока афирмација на културниите, природните и традиционалните вредности на Вирово
- Тампонирање на шумскиот пат до рекреативниот локалитет „Еврејка“
- Воспоставување на одржливи механизми за соработка со надлежното јавно претпријатие за редовно одржување на локалниот пат до населеното место

## Н.М. СЛОЕШТИЦА

- Изградба на пат од населеното место до црквата „Св. Ѓорѓија“
- Реновирање на зградата на подрачното училиште
- Санација на патот до црквата „Св. Никола Топлички“ (од врска-регионален пат 530, до црквата)
- Дислокација на диви депонии и спроведување на институционални мерки на контрола

## Н.М. СУВОДОЛ

- Реновирање и асфалтирање на улици во населеното место
- Воспоставување на одржливи механизми за соработка со надлежното државно јавно водостопанско претпријатие за редовно одржување и ставање во функција на вештачките микроакумулации „Суводол 1“ и „Суводол 2“
- Регулирање на речното корито
- Реконструктивни зафати врз канализационата мрежа
- Изградба на повеќенаменско игралиште
- Изградба на мост
- Уредување и поставување на урбана опрема на јавна чешма

## Н.М. ЗАГОРИЧЕ

- Асфалтирање на улици во населеното место
- Санација на полски патишта
- Изградба и уредување на детско забавно игралиште

## Н.М. ВАРДИНО

- Машинско чистење на речното корито
- I. фаза: изработка на техничка документација за асфалтирање на пат од населеното место до црквата „Св. Елена и Константин“
- II. Фаза: изградба на асфалтен пат од населеното место до црквата „Св. Елена и Константин“

- Изградба на мост на селската река за потребите на долномаалските жители на селото и подобра поврзаност на полските патишта
- Набавка и поставување на детски и спортски реквизити и рекреативна опрема за забава и рекреација во игралиштето на сретсело

## Н.М. СЛЕПЧЕ

- Уредување на речното корито
- Санирање на оштетувања и проширување на коловозот на најкритичните сообраќајни точки на локалниот пат Демир Хисар – Слепче
- Дислокација на диви депонии и спроведување на институционални мерки на контрола
- Санирање на полски патишта

## Н.М. ПРИБИЛЦИ

- Асфалтирање на улици во населеното место
- Изградба на спортско игралиште
- Санирање на полски патишта

## Н.М. СВЕТА

- Асфалтирање на улици во населеното место
- Санирање на полски патишта
- I. Фаза: изработка на техничка документација за изградба на фекална канализација
- II. Фаза: изградба на фекална канализација
- Изградба на спомен парк „ЃОРЃИ РАЛЕВ СКРШЕНИОТ“

## Н.М. БАЗЕРНИК

- Асфалтирање на улици во населеното место
- Регулирање на речното корито
- Реновирање на резервоарот за вода од водоводната мрежа

## Н.М. СМИЛЕВО

- Асфалтирање улици во населеното место
- Воспоставување на одржливи механизми за соработка со надлежната Национална установа Завод за заштита на културното наследство и музеј Битола и Управата за заштита на споменициte на културата, како и обезбедување конкретна финансиска поддршка за конкретни проекти за редовно одржување и дополнително уредување на Спомен паркот „Даме Груев“, могилата на Даме Груев,

гробовите на истакнати илинденски револуционери и другите споменични обележја во Смилево и неговата околина

- Поставување на дополнителна туристичка сигнализација и редовно одржување на постојната
- Доизградба на пешачката патека од смилевското сретсело, до родната куќа на Даме Груев
- Осовременување на меморијалниот музеј „Смилево“

## Н.М. ЖУРЧЕ

- Изградба на мост на реката Журешница, на југозападниот влез во населеното место
- Асфалтирање на улици во населеното место
- Изработка и поставување на соодветна туристичка сигнализација за манастирот „Св. Атанасиј“

## Н.М. НОВО СЕЛО

- Реконструкција на водоводна мрежа
- Поддршка на легални иницијативи и иницијативи одобрени од надлежни институции, како и проекти за реконструктивни зафати врз црквата во населеното место

## Н.М. РАКИТНИЦА

- Редовно одржување на патот до населеното место

## Н.М. КОЧИШТЕ

- Реконструкција на водоводната мрежа и санирање на водни каптажи

## Н.М. ГОЛЕМО ИЛИНО

- Уредување на речното корито
- Во договор, соработка и во координација со ЈП „Македонијапат - чистење од вегетација и одржување на патот до селото (овој патен правец не категоризиран како локален и е во надлежност на „Македонијапат“
- Санирање на шумскиот пат од населеното место до локалитетот „Илинска црква (црква „Св. Илија“, на Илинска Планина)

## Н.М. БРЕЗОВО

- Редовно одржување на локалниот пат (врска регионален пат 1305 – за Зашле)

- Асфалтирање на улици во населеното место
- Во соработка со Заводот за заштита на културното наследство и музеј Битола - отворање на музејска поставка во одбранбената кула

## Н.М. ЖВАН

- Партерно и хортикултурно уредување на просторот околу поранешната опожарена зграда на задружниот дом
- I. фаза: изработка на техничка документација за изградба на фекална канализација
- II. Фаза: изградба на фекална канализација
- Асфалтирање на улици во населеното место
- Изградба на тротоар и осветление на локалниот пат од м.в. Крбла до населеното место (врска-регионален пат Р1305 – во должина од 1,5 km)
- Обезбедување на функционална состојба на каналот за наводнување
- Отворање на селска амбуланта во постојната напуштена зграда на Здравствениот дом и ставање во функционална состојба на целиот објект за задоволување на јавни потреби на граѓаните од ова и околните населени места

## Н.М. ДОЛЕНЦИ

- I. Фаза: изработка на техничка документација за изградба на фекална канализација
- II. Фаза: изградба на фекална канализација
- I. Фаза: Изработка на техничка документација за изградба на трим – патека до локалитетот „Водопади"
- Дислокација на диви депонии и спроведување на институционални мерки на контрола

## Н.М. БАРАКОВО

- Асфалтирање на улици во населеното место
- Машинско чистење на речното корито
- Тампонирање на полски пат
- Улично осветление на пристапниот пат до црквата
- Изградба на рекреативно игралиште

## Н.М. ОБЕДНИК

- Уредување на речното корито
- Реновирање на улици во населеното место

# 5.3. ОДРЖЛИВ УРБАН РАЗВОЈ (НОВ ОДРЖЛИВ КОНЦЕПТ НА УРБАНИЗАЦИЈА И ДОМУВАЊЕ)

- Изработка на Генерален урбанистички план за Демир Хисар;
- Донесување на планска документација за туристичко рекреативен комплекс – манастирски комплекс „Св. Атанасиј“, н.м. Сопотница (викендички);
- Донесување на планска документација за манастирски комплекс „Св. Илија“, село Големо Илино;
- Донесување на планска документација за населени места;
- Доделување на бесплатни плацови за изградба на куќа за млади брачни парови;
- Ослободување од надомест за комуналии за изградба на куќа на млади брачни парови.



# 6. МОДЕРНО И СОВРЕМЕНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА СИТЕ МЛАДИ

## МОДЕРНА ОБРАЗОВНА ИНФРАСТРУКТУРА И СОВРЕМЕНИ УСЛОВИ ЗА УЧЕЊЕ

(модернизација на сите училишта согласно ЕУ стандарди и подобрубање на условите за учење);

## „ГРАДИМЕ И РЕКОНСТРУИРАМЕ УЧИЛИШТА"

- проекти што ќе претставуваат дел од континуираната и системска грижа за подобрување на развојот на образованието и знаењето. Санација на постојните и изградба на нови спортски игралишта во подрачните и централните училишта на ООУ „Гоце Делчев", ООУ „Даме Груев" ООУ „Браќа Миладиновци" и СОУ „Крсте П. Мисирков";

  Поддршка на проекти за подобрување на енергетската ефикасност во училишните згради, замена на надворешна и внатрешна столарија и надградба на постојните системи за парно греење со системи за греење на пелети;

## „ПОДДРШКА И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИНИЦИЈАТИВИ И МЕРКИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО"

- институционална и финансиска поддршка и активно партнерство со основното и средното образование, континуирано вложување во создавање на квалитетни услови за образованието, континуирано опремување на кабинетите со соодветни нагледни средства, подобрување на нормативите и стандардите во училиштата, институционална и конкретна финансиска поддршка на проекти за учество на меѓуопштински, регионални, државни и меѓународи натпревари, инвестиции во наставниот кадар.

## „СИСТЕМ НА ДУАЛНО МЕДИЦИНСКО ОБРАЗОВАНИЕ ВО СРЕДНОТО УЧИЛИШТЕ“

- учење преку работење, набљудување и преку комуникација со ментори од Психијатриската болница, но и преку искуства во кои учениците во пракса ќе го применуваат теоретското знаење во решавање на реални проблеми во психијатриската медицина. На овој начин, учениците ќе развиваат понагласена желба за својата професија „психијатриска сестра“, што пак од друга страна ќе создава одлична основа за идните медицински сестри да станат успешни психијатриски работници за потребите на ЈУ Психијатриска болница во Демир Хисар и другите психијатриски центри, клиники или установи – продуцирање на учени и готови кадри според потребите на пазарот на трудот.

## ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ ЗА СИТЕ

- (стипендии за ученици и студенти од социјално загрозените семејства)

## „СТИПЕНДИРАЊЕ НА ПОСЕБНО НАДАРЕНИ И ТАЛЕНТИРАНИ УЧЕНИЦИ И СТУДЕНТИ“

ќе се иницира, поттикнува и поддржува развивање на локален систем на работа со надарени и талентирани ученици во основното и во средното образование. Ќе се изработи посебна стратегија и ќе се формира посебен општински тим за идентификација на надарените и талентираните ученици којшто ќе работи според посебно утврдени пристап и начин на работа со овие деца уште од најраната возраст. За учениците и студентите кои во процесот на образование покажале и постигнале особени резултати, како индикатор на исклучителната надареност и талентираност, во буџетот на Општината ќе се предвидат пари за обезбедување на финансиска поддршка во вид на исплата на еднократен или на континуиран месечен надоместок.

## „ОПШТИНАТА ГИ НАГРАДУВА НАЈДОБРИТЕ“

избор на најдобар ученик „Првенец на генерација“ во сите основни и во средното училиште, избор на најдобар просветен работник во општината.

# 7. ЕВРОПА ВО МОЈАТА ОПШТИНА

- **ВОСПОСТВАУВАЊЕ НА ЕВРОПСКИ ПРАКТИКИ И ИМПЛЕМЕНТИРАЊЕ НА ЕВРОПСКИ ВРЕДНОСТИ**

  (јакнење на капацитетите на граѓанските организации со цел аплицирање на ЕУ проекти и интензивирање на соработка со ЕУ преку воспоставување на локални информативни центри за ЕУ);

- **„ОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПРОЕКТИ ФИНАНСИРАНИ ОД ЕУ – ГРАНТОВИ И СЕРВИСИ**

  во Одделението за локален економски развој ќе се формализира основање на посебно стручно тело коешто ќе изработува проекти, но и ќе организира обуки за практични насоки и совети на невладиниот сектор за градење капацитети, поддршка во работата и реализација на помали проекти финансирани од европските фондови;

- **ВОСПОСТАВУВАЊЕ И ИНТЕНЗИВИРАЊЕ НА СОРАБОТКАТА СО ОПШТИНИ ОД ЕУ**

  обновување на започнатите прелиминарни контакти за соработка со сродната општина Дег од Република Унгарија, подготвителни активности за воспоставување на мостови на соработка со истоименото населено место СИДИРОКАСТРО, Општина Синтики, во Република Грција.



# 8. ЗАШТИТА ОД КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ И ГРИЖА ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

## ➤ ВОВЕДУВАЊЕ НА КОНЦЕПТ НА ЗЕЛЕНА И ЧИСТА ОПШТИНА

(зелена архитектура, изградба на центри за управување со отпад, воведување на концептот на циркуларна економија преку паметно управување со отпадот и материјалите, целосен третман на отпадните води);

## ➤ ЕНЕРГЕТСКИ ЕФИКАСНА ОПШТИНА

(гасификација и обезбедување на приклучок за газ до секој дом, субвенции за градење на соларни и фотоволтаични панели, 100% покриеност со штедливо лед јавно осветлување;

- Целосна замена на постојните светилки во јавното осветление, со штедливи лед светилки: I. фаза: градот Демир Хисар, II. Фаза: н.м. Слепче и Сопотница, и III. Фаза: останатите населени места;
- Воведување на општински субвенции за набавка на соларни панели и фотоволтаични панели;
- Субвенционирање на изработка на енергетски ефикасни фасади на колективните станбени згради.



# 9. МОДЕРЕН И АТРАКТИВЕН ЛОКАЛЕН ТУРИЗАМ

## ➤ ОСНОВАЊЕ НА ОПШТИНСКО ТУРИСТИЧКО БИРО

## ➤ Е-МААП

(креирање на туристичка апликација – во рамките на постојниот службен портал на Општината, а подоцна како засебен туристички портал и апликација).

## ➤ ПРОМОЦИЈА И ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ТУРИЗАМ

- ТУРИСТИЧКО-ИЗЛЕТНИЧКИТЕ РЕМЕК ДЕЛА НА ЖЕЛЕЗНЕЦ И ИЗВОРИТЕ НА ЦРНА РЕКА – ЖЕЛЕЗНЕЦ – ПРИРОДЕН ДАР НА ЖЕЛЕЗНАТА КЛИСУРА – ИЗВОРИТЕ НА ЦРНА РЕКА – ИЗВОРОТ НА ПРИРОДНИОТ КРВОТОК НА МАКЕДОНИЈА
- ВЕЛМЕВЦИ – ПУЛСОТ НА НЕПОКОРНИОТ ДУХ И УБАВИНА
- БРЕЗОВО – КУЛАТА НА ЈОРДАН ПИПЕРКАТА – УНИКАТНА ТУРИСТИЧКА АТРАКЦИЈА И ИСТОРИСКА ЗНАМЕНИТОСТ
- СМИЛЕВО – ГОРДОСТА НА МАКЕДОНСКАТА ИДЕЈА
- СЛЕПЧЕ И ПРЕТЕЧАНСКИОТ МАНАСТИР – УМСТВЕНА СВЕЖИНА И ДУХОВНО СМИРЕНИЕ
- МАНАСТИРОТ „СВЕТИ АТАНАСИЈ“ ЖУРЧЕ – ДУХОВЕН И ЗЕМСКИ БАЛАНС
- КАЛЕМАРСТВОТО – ЗАНАЕТ, НАУКА И ВЕШТИНА
- ВЕЛОСИПЕДСКА ПАТЕКА: „ИЛИНСКА, ПЛАКЕНСКА И БИГЛА ПЛАНИНА НА ДЛАНКА“
- ПОДДРШКА НА ИДЕИ И ПРОЕКТИ ЗА РАЗВОЈ НА РЕКРЕАТИВЕН ТУРИЗАМ, КУЛТУРЕН ТУРИЗАМ, ВЕРСКИ ТУРИЗАМ, СТАЦИОНАРЕН ТУРИЗАМ, ЕКСКУРЗИВЕН ТУРИЗАМ, ТРАНЗИТЕН ТУРИЗАМ ИЗЛЕТНИЧКИ ТУРИЗАМ (викенд туризам)
- СВЕТА – РОДНОТО МЕСТО НА ПОЗНАТИОТ КОМИТА ЃОРЃИ РАЛЕВ СКРШЕНИОТ



# 10. СПОРТ И КУЛТУРА

- **ПОДОБРУВАЊЕ НА СПОРТСКАТА ИНФРАСТРУКТУРА И ПОДОБРУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ЗА СПОРТУВАЊЕ НА МЛАДИТЕ**

  (реконструкција на постоечките спортски објекти и градење на нови спортски центри за различни спортови);

- **ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИТЕ СПОРТСКИ КЛУБОВИ И ПОДОБРУВАЊЕ НА УЧИЛИШНИОТ СПОРТ;**

- **РАЗВОЈ НА СПОРТОТ ВО СЕЛО**

  (изградба на спортски терени во секое рурално населено место – според описот во поглавјето „Мобилност и инфраструктура“ );

- **НЕГУВАЊЕ НА КУЛТУРАТА И КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО**

  (поддршка на културни настани и манифестации, поддршка на локалните културни друштва и отворање на едукативни центри за култура);

- **ОДРЖУВАЊЕ НА ФОРМАЛНИ И НЕФОРМАЛНИ РАБОТИЛНИЦИ И КОЛОНИИ**

  - од областа на културата – како за ученичката, така и за возрасната популација;

- **ИНСТИТУЦИОНАЛНА И ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА:**

  - научно–истражувачки манифестации, симпозиуми, конференции, археолошки, етнолошки, историски истражувања, издаваштво, културнен аматеризам, творештво, заштита и одржување на споменициите на културата.

- **ПРОЕКТ: ФЕСТИВАЛ „ДЕМИРХИСАРСКА КУЛТУРНА ЕСЕН“**

- ## ПРОЕКТ: „МУЗЕЈ ВО ДЕМИР ХИСАР“

  отпочнување постапка за регистрација на музејска поставка: основање музејска поставка во Домот на културата, а во соработка со Министерството за култура, односно со Управата за заштита на културното наследство и НУ Завод за заштита на културното наследство и музеј од Битола.

- ## ПРОЕКТ: „ДЕМИРХИСАРСКА ЛЕТНА ШКОЛА“ – ИСТОРИЈА, ИСТОРИЈА НА УМЕТНОСТ, АРХЕОЛОГИЈА И АРХИТЕКТУРА

  општината финансиски и институционално ќе продолжи да ги поддржува активностите за промоција и доближување на културното наследство на регионот на Демир Хисар и Демирхисарско преку едно повисоко ниво и форма. Проектот ќе продолжи да се реализира во соработка со Македонската православна црква - ОА, со МАНУ и со Универзитетотот „Св. Кирил и Методиј“ Скопје.

- ## ИНСТИТУЦИОНАЛНА И ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ПРОЕКТ: „ОСОВРЕМЕНУВАЊЕ НА МЕМОРИЈАЛНИОТ МУЗЕЈ „СМИЛЕВО“

- ## ИНСТИТУЦИОНАЛНА И ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ПРОЕКТ: „КОНЗЕРВАЦИЈА НА АРХИТЕКТУРАТА И ЅИДНОТО СЛИКАРСТВО НА ЦРКВАТА „СВ. НИКОЛА ТОПЛИЧКИ“, КАЈ ЖВАН – СЛОЕШТИЦА (14-16 ВЕК)“

- ## ПРОЕКТ: ФОЛКЛОРНА МАНИФЕСТАЦИЈА „ВЕЛИГДЕНСКИ ФОЛКЛОРНИ СРЕДБИ“

- ## ПОДДРШКА НА ПРОЕКТИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ЈАВНИТЕ ПОТРЕБИ ВО КУЛТУРАТА:

  енергетска ефикасност и надградба на постојниот систем за греење на пелети во Домот на културата, санација на санитарни јазли во Домот на културата и др. (види подетален опис во поглавје „III. МОБИЛНОСТ И ИНФРАСТРУКТУРА“).





# 11. СОЦИЈАЛНА И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ЗА СИТЕ ЛУЃЕ

## ФУНКЦИОНАЛЕН СИСТЕМ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

- Поддршка на сите процеси, идеи и иницијативи за поголема вклученост во општеството на сите ранливи и маргинализирани лица;
- Поттикнување, иницирање и поддржување на партнерства со организации и установи што се клучни фактори во процесот на социјалната заштита.

### ПРОЕКТ: „БЕСПЛАТЕН ПРЕВОЗ ВО ЈАВНИОТ АВТОБУСКИ И ЖЕЛЕЗНИЧКИ ПРЕВОЗ ВО ЗЕМЈАТА ЗА ЛИЦАТА СО ИНВАЛИДНОСТ“

ќе се издвојуваат пари со намена за субвенционирање на превозните услуги во јавниот автобуски и железнички превоз во земјата за сите лица со регистриран соодветен степен на инвалидност. Ќе се утврдат критериуми врз основа на кои ќе се врши исплатата на субвенцијата и опфатот на лицата.

### ПРОЕКТ: „ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ДО ТРИГОДИШНА ВОЗРАСТ ЗА СЕКОЕ НОВОРОДЕНО ДЕТЕ ВО ИЗНОС ОД 10.000 ДЕНАРИ ГОДИШНО“

Општина Демир Хисар е со најмал наталитет. Постојната еднократна парична помош за секое новородено дете не е соодветна на реалните потреби за поттикнување на наталитетот. Во општинскиот буџет ќе се предвидат дополнителни средства за исплата на еднократна парична помош за секое новороденче во траење од три години од раѓањето.

### ПРОЕКТ: „БЕСПЛАТНО СЕДУМДНЕВНО ТУРИСТИЧКО ПАТУВАЊЕ И ПРЕСТОЈ

за деца на семејства во социјален ризик во збратимената општина Балчова, град Измир, Р. Турција“

- **ПОТТИКНУВАЊЕ НА МЛАДАТА УЧИЛИШНА ПОПУЛАЦИЈА И НЕВЛАДИНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ**

  за давање континуирана грижа и правење посети на стари лица кои живеат сами;

- **ОПРЕДЕЛУВАЊЕ И ДОДЕЛУВАЊЕ СООДВЕТНА ЕДНОКРАТНА ФИНАНСИСКА ПОМОШ**

  на семејства во состојба на социјална потреба или за нанесена штета од елементарна непогода.

- **ПРОЕКТ: „ОСНОВАЊЕ НА ФОНД НА СОЛИДАРНОСТ ЗА ПОТРЕБИ ОД ЛЕЧЕЊЕ НА ЛИЦА КОИ НЕ СЕ ВО МОЖНОСТ САМОСТОЈНО ДА СЕ ФИНАНСИРААТ“**

  основање солидарен фонд. Врз основа на утврдени критериуми, парите собрани во фондот ќе се исплаќаат за лечење на лица кои не се во можност самостојно да се финансираат (скапи операции, лечење во странство и сл.);

- **ПОДОБРУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ**

  за згрижување на децата во Детската градинка;

- **ПОДДРШКА НА ИЗРАБОТКА НА ТЕХНИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ПРОШИРУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ГРАДИНКАТА**

  листата за чекање на место во градинка НЕ СМЕЕ ДА ПОСТОИ!

- **ПОДДРШКА НА ПРОЕКТИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКАТА АФИКАСНОСТ**

  фасада и столарија;

- **ПРОЕКТ: „БЕСПЛАТЕН КОМПЈУТЕР И ПОМОШНА ТЕХНОЛОГИЈА ЗА СТУДЕНТИТЕ СО ИНВАЛИДНОСТ“**

- **ПРОЕКТ: „СЕМЕЈСТВОТО – ТЕМЕЛ НА ОПШТЕСТВОТО“**

  во партнерство со Детската градинка, со овој проект се планира да се развие свест кај децата од најрана возраст за важноста на семејството во градење на почит и љубов кон семејните вредности. Овој проект подразбира низа хуманитарни, едукативни активности за изучување на семејните обичаи и традиции.

## ПРОЕКТ: „ГРАДОТ НИЗ ДЕТСКИТЕ ОЧИ“

со цел да се поттикне креативната страна кај децата во градинката и во нижите одделенија на основните училишта, ќе започнеме со реализација на проект со кој децата ќе имаат можност да ја насликаат на цртеж својата визија за градот Демир Хисар. Ќе организираме изложба на цртежи на којашто ќе бидат јавно промовирани детските ликовни креации за визијата за нивниот град. Преку овој проект предвидено е развивање на свеста кај најмладата популација за историското богатство и култура.

## ПРОЕКТ: „БЕСПЛАТНА ГРАДИНКА ЗА ТРЕТО ДЕТЕ“

за секое новородено трето дете, ќе обезбедиме бесплатно згрижување – полудневен или целодневен престој во Детската градинка во времетраење до поаѓање на училиште. Со реализацијата на овој проект на општинско субвенционирање на трошоците за згрижување на децата, се очекува да се подигне нивото на националните стандарди на грижа за децата, поголем опфат на деца од многудетните семејства, поттик за зголемување на бројот на треторудени деца, подобрување на  стапката на природен прираст.

## ГРАДЕЊЕ НА СОЦИЈАЛНИ СТАНОВИ И ДОМОВИ ЗА СТАРИ ЛИЦА

- Поддршка, поволности и даночни ослободувања за приватни иницијативи за отворање домови за стари лица во објекти што се во сопственост на Општината: зградата на поранешното женско одделение на Психијатриската болница во Демир Хисар, зградата на поранешната амбуланта во Жван, задружни домови и други објекти во сопственост на Општината.
- Комунални и други ослободувања од општински давачки за изградба на социјални станови и домови за стари лица на територијата на целата Општина.

*vmro-dpmne.org.mk*

*sozdadinovaidnina.mk*